# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРАМСКА И БУЏЕТСКА РЕАЛИЗАЦИЈА на Програмата за здравствена заштита на лица со душевни растројства во РСМ за 2021 година

Душевните растројства опфаќаат широк круг на заболувања, вклучувајќи ги органските, симптоматските, невротските, растројствата во расположението (афективни растројства), шизофрениите, шизотипните и налудничавите растројства, душевната заостанатост и другите душевни растројства.

Светските искуства покажуваат дека кај повеќе од една половина од вкупно дијагностицираните лица, овие растројства добиваат хроничен тек т.е периодите на подобрување се заменуваат со периоди на влошување и повторна појава на знаците на растројството. Поради природата на болеста, но далеку повеќе како резултат на општествениот став и предрасуди, во кои доминира неприфатеност, маргинализација и отфрлање, голем број лица со душевни растројства остануваат долготрајно, па дури и доживотно хоспитализирани, при што се создава таканаречен хоспитализам.

## 1. Опис на постигнувања

1.1 Вкупен број на лица опфатени со мерката „Згрижување и лекување на лицата кои се сместени во психијатриските установи со изречена мерка од надлежен суд – задолжително лекување и чување во психијатриска установа“ изнесува околу 200 пациенти во текот на еден месец, во психијатриските болници во Република Северна Македонија.

| Јавна здравствена установа | Број на пациенти на месечно ниво | Вкупен број на пациенти за 2021 година |
|---|---|---|
| „Психијатриска болница Скопје“ | 76 | 913 |
| „Психијатриска болница Демир Хисар“ | 63 | 814 |
| „Психијатриска болница Негорци“ | 45 | 498 |

1.2 Бројот на лица за кои е обезбедена партиципација за дневно болничко лекување во центрите за ментално здравје е околу 750 пациенти, во текот на еден месец.

| Јавна здравствена установа | Број на пациенти на месечно ниво | Вкупен број на пациенти за 2021 година |
|---|---|---|
| „Психијатриска болница Скопје“ | 125 | 1594 |
| „Психијатриска болница Демир Хисар“ | 275 | 3853 |


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk

| | | |
|---|---|---|
| „Клиничка болница Тетово“ | 176 | 2109 |
| „Здравствен дом Струмица“ | 25 | 300 |
| „Општа болница со проширена дејност Гевгелија“ | 75 | 905 |

Следејќи ги и препораките на СЗО, се премина кон зајакнување на достапноста на овие услуги преку развивање на различни форми на вонболнички третман во локалната заедница, содржани во т.н. Центри за ментално здравје во заедницата, со целосен сеопфатен дневноболнички третман на пациентите. За целосно, адекватно, навремено, ефикасно и економично решавање на овие проблеми неопходно е вклучување на целата општествена заедница, пред се преку соодветните институции и установи во рамките на ресорните министерства, а во тесна соработка и координација со сите останати заинтересирани субјекти.

Во тек на 2021 година се вршеа подготвителни активности за отварање на два нови Центри за ментално здравје, во градот Битола и градот Кичево, кои се надеваме ќе започнат со функционирање во 2022 година и истите ќе работат во рамки на ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар.

Во 2021 година отворен е Центар за ментално здравје во Кочани кој функционира во состав на Општа болница со проширена дејност Кочани.

**2. Извештај за програмска и буџетска реализација на активностите финансирани од основниот буџет на Министерството за здравство и буџетот на самофинансирачки активности**

| | Активност | Износ | Реализиран обем на активности | Потрошени средства |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Судски случаи (лица со изречена мерка задолжително чување и лекување) – заедно со превземени обврски од 2021 година | **50.000.000,00** | | **50.000.000,00** |
| 2. | Партиципација за пациентите кои се лекуваат во центрите за ментално здравје - заедно со превземени обврски од 2021 година | **5.000.000,00** | | **5.000.000,00** |


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | Неизмирени обврски од 2020 година | **10.000.000,00** | | **10.000.000,00** |
| | **ВКУПНО** | **65.000.000,00** | | **65.000.000,00** |

Подготвил: Д-р Даница Стевковска
Одобрил: Прим. Д-р Сузана Маневска, Раководител на Сектор


Министерство за здравство на
Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk